**КАКО ДА ГИ ОХРАБРИМЕ ДЕЦАТА?**

Кога охрабруваме некое дете, обично користиме формулации што се или специфични (на пр. „Колку убаво нацрта“) или генерички (на пр. „Ти си добар цртач“). Според Андреи Цимпиан од Универзитетот „Станфорд“ и неговите колеги, оваа суптилна разлика може многу да влијае врз детската мотивација кога нештата нема да им тргнат од рака.

Истражувачите играле еден вид игра со цртање со 24 деца на возраст од 4 години користејќи кукли што ги држеле во рацете. Истражувачите ја контролирале „куклата наставник“ која што побарала од куклите на децата да нацртаат разни предмети. Немало вистинско цртање, туку децата требале да имитираат дека куклата црта.

За првите четири цртежи истражувачите одговориле дека биле успешни. Половина од децата биле пофалени генерички додека другите деца биле пофалени негенерички.

Потоа, за следните четири цртежи, истражувачите одговориле дека куклите на децата не успеале да нацртаат точно (на пр. велејќи дека испуштиле да ги нацртаат тркалата на автобусот или ушите на мачката). Ова било со цел да се види како децата реагираат на критика.

Децата на кои претходно им било кажано дека се добри цртачи реагирале лошо на критиката. Изгубиле интерес за цртањето и не успеале да дојдат до стратегии за да ги поправат грешките во цртањето. За споредба, децата кои претходно биле пофалени на негенерички начин, подобро одговориле на критиката и изнашле начини да ги поправат неуспешните цртежи.

Идејата е дека ако на децата им се даде генеричка пофалба – во овој случај им било кажано дека тие се добри цртачи – тоа ги води до тоа да веруваат дека имаат стабилна цртачка способност. Ова верување се претвора во губење на мотивација при соочување со неуспех или критика. За споредба, негенеричката пофалба, специфична за конкретната ситуација, е наградувачка без да води до погрешна самоувереност.

Изворниот текст може да се најде на: http://digest.bps.org.uk/2007/05/how-to-praise-children.html